СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата



Дирекција за тргување и девизен пазар

18 Јуни 2014

# Дневен извештај за финансиските пазари

- Состаноци на BoJ, BoE и ФЕД
- Резултати од вчерашната аукција на МинФин

**Интервалутни курсеви во 09:30 ч.**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **EURUSD** | 1.3545 | **XAU** | 1269.66 |
| **EURCHF** | 1.2186 | **XAG** | 19.73 |
| **EURAUD** | 1.4500 | **Brent** | 110.78 |
| **EURGBP** | 0.7979 | **Copper** | 6725 |
| **EURJPY** | 138.50 | **Nickel** | 18030 |
| **USDJPY** | 102.25 | **Zink** | 2109 |




Денес се очекуваат извештаите од состаноците на Bank of Japan, Bank of England и ФЕД. Утринава BoJ најави задржување на постојната монетарна политика бидејќи во моментов не гледа потреба од натамошно олабавување. Податоците за трговскиот биланс на Јапонија покажуваат дека нивото на извоз постојано се намалува иако вредноста на јенот од 2012 година наваму паѓа.

Извештајот од последниот состанок на BoE би можел да покаже дека некој од членовите на бордот има гласано за зголемување на каматните стапки со оглед на говорот на Марк Карни минатата недела. Очекувањата на финансиските пазари се дека BoE ќе започне со монетарно затегање кон крајот на годинава наместо претходните очекувања тоа да се случи во првиот квартал на 2015 година.

Прометот на домашниот девизен пазар вчера изнесуваше ЕУР 27,4 мил., а на меѓубанкарскиот пазар се тргуваше во вкупен износ од ЕУР 5,5 млн., од кои ЕУР 2,85 мил. меѓу маркет- мејкерите. Цените се движеа меѓу 61,71 и 61,72. На меѓубанкарскиот пазар на депозити се тргуваше во износ од МКД 60,000,000 со каматна стапка 1,80% и рочност преку ноќ.

**Референтни каматни стапки**

| Валута 19/6 | o/n | 1 week | 1 m | 3m | 6m | 12m |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Libor USD | 0,09400 | 0,12375 | 0,15500 | 0,23100 | 0,32450 | 0,55060 |
| Libor CHF | -0,0020 | -0,0080 | -0,0070 | 0,01300 | 0,07000 | 0,18540 |
| Euribor | 0,03 | 0,054 | 0,119 | 0,217 | 0,312 | 0,491 |
| Skibor | 1,80 | 2,20 | 2,69 | 3,16 | 3,59 | 4,53 |

Здравје- Покрај нивниот одличен вкус и мирис, кајсиите се еден од најбогатите природни извори на витамините А, Ц, Б комплекс, на калиум и бета-каротен. Му помагаат на организмот во одбрана од бактериски инфекции, го обновуваат оштетеното ткиво, а во развојот ги зајакнуваат забите и коските и го подобруваат видот. На здравјето на срцето особено поволен ефект има високата застапеност на бета-каротен и ликопен, кои го штитат ЛДЛ холестеролот од оксидација. Богати се со витаминот Б 17, кој ги уништува клетките на ракот и помага во превенција на неговата појава.

**Берзи**

| Индекси | 18/6/14 | 17/6/14 | 1/1/14 |
|---|---|---|---|
| DAX | 9920,32 | 0,37 | 4,35 |
| Dow Jones | 16808,49 | 0,16 | 1,40 |
| FTSE | 6766,77 | 0,18 | 0,56 |
| Nikkei 225 | 15129,33 | 1,10 | -7,13 |
| Hang Seng | 23224,49 | 0,19 | -0,50 |
| MBI- 10 | 1676,35 | -1,48 | -1,92 |

**10- годишни државни обврзници**

| | 10 години | |
|---|---|---|
| **земја** | **цена** | **принос** |
| **US** | 98,70313 | 2,649579 |
| **В. Британија** | 95,735 | 2,7774 |
| **Канада** | 101,664 | 2,312 |
| **Германија** | 100,85 | 1,407 |
| **Франција** | 100,26 | 0,142 |
| **Италија** | 114,33 | 2,82 |
| **Шпанија** | 109,375 | 2,703 |
| **Грција** | 80,79 | 5,97 |
| **Македонија** | 100 | 5,00 |

Сепак, најочекуван настан за финансиските пазари денес е состанокот на ФЕД и прес-конференцијата на Џенет Јелен. Она што е извесно дека ќе се случи е натамошно намалување на QE 3 програмата од сегашните УСД 45 блн. на УСД 35 блн. и тоа сумата за Treasuries ќе се намали од УСД 25 блн. на УСД 20 блн., а сумата за хипотекарните обврзници од сегашните УСД 20 блн. ќе се намали на УСД 15 блн. Вчера објавените податоци за инфлацијата покажаа неочекувано зголемување од 2% на 2,1%, што влијаеше позитивно врз вредноста на доларот со оглед на тоа што би ги интензивирало дискусиите околу периодот кога ФЕД ќе почне со циклусот на зголемување на каматните стапки.

На вчерашната аукција на државни хартии од вредност Министерството за финансии ги прифати сите пристигнати понуди, односно продадената сума беше повисока од онаа наведена во Проспектот. Така, од 12- месечните државни записи без девизна клаузула беа продадени вкупно МКД 757,050,000, додека од 5- годишните државни обврзници беа продадени вкупно МКД 186,500,000. Во сопственичката структура на 12 - месечните државни записи банките учествуваат со 58,88%, а клиентите со 41,12%, додека сопственици на целата аукција на 5- годишните ДО се клиенти.

**Индикативни цени на државни записи на секундарен пазар**

| Датум на аукција | Ознака на аукција | Датум на доспевање | Денови до доспевање | Каматна стапка | Девизна клаузула | Куповен принос на СБ | Продажен принос на СБ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 29-Oct-13 | ДЗ2013/16a-350 | 15-Oct-14 | 143 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |
| 25-Feb-14 | ДЗ2014/02-364 | 25-Feb-15 | 275 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |
| 29-Apr-14 | ДЗ2014/05-182 | 29-Oct-14 | 149 | 3,15% | - | 3,15% | 3,00% |
| 29-Apr-14 | ДЗ2014/06-182dk | 29-Oct-14 | 149 | 3,10% | dk | 3,15% | 3,00% |
| 29-Apr-14 | ДЗ2014/06a-350 | 15-Apr-15 | 317 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |
| 6-May-14 | ДЗ2014/08-182dk | 5-Nov-14 | 156 | 3,10% | dk | 3,15% | 3,00% |
| 6-May-14 | ДЗ2014/07-182 | 5-Nov-14 | 156 | 3,15% | - | 3,15% | 3,00% |
| 6-May-14 | ДЗ2014/07-364 | 6-May-15 | 334 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |
| 20-May-14 | ДЗ2014/09-182 | 19- Nov-14 | 170 | 3,15% | - | 3,15% | 3,00% |
| 20-May-14 | ДЗ2014/10-182dk | 19- Nov-14 | 170 | 3,10% | dk | 3,15% | 3,00% |
| 20-May-14 | ДЗ2014/08-364 | 21- May-15 | 352 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |

**Поважни економски индикатори за Г7 земјите**

| | | |
|---|---|---|
| 20:00 | US | FED rate decision |

За подетални информации обратете се во Дирекцијата за тргување и девизен пазар на следниве контакт лица:

Билјана Јованоска тел. 3295- 109; е- mail: biljana.jovanoska@stb.com.mk
Сашо Радевски тел: 3295- 108; е- mail: saso.radevski@stb.com.mk

Правни напомени:

Оваа публикација ја издава Стопанска Банка АД Скопје и е наменета за нејзините клиенти. Информативниот карактер на оваа публикација значи дека таа не може да служи како замена за сопствените проценки на било кој читател на оваа публикација. Информациите, мислењата, заклучоците, прогнозите и проекциите кои се изнесени во оваа публикација се засноваат на јавно достапни извори на податоци (Блумберг иРојтерс) кои Банката ги користи, но за кои не гарантира.
Според тоа, Банката не сноси никаква одговорност за бизнис одлуките на клиентите кои се базираат на оваа публикација.